**М-р Небахат Имери**
Лиценциран психолог | Гешталт психотерапевт | Психотрауматолог

Небахат Имери е лиценциран психолог од Комората на психолози на Република Северна Македонија и магистер по психолошки науки – клиничка психологија. Таа е гешталт психотерапевт, психотрауматолог и EMI Practitioner (Eye Movement Integration).

Професионално е ангажирана како водител на случај во Центарот за социјална работа Тетово и поседува посебна лиценца за вршење стручни работи во социјалната заштита издадена од Заводот за социјални дејности. Дополнително е сертифициран тренер за семејно насилство.

Основач е на Здружението на психолози, психотерапевти и советувачи „КОРТЕКС“ – Тетово и ко-основач на здружението „EMI North Macedonia“. Членка на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Ангажирана е и како психотерапевт во Здружението „Живот со предизвици“- Битола, каде нуди психолошка поддршка, советување и психотерапија за лица со ретки болести и нивните семејства.

Во рамките на својата приватна практика во здружението „КОРТЕКС“, работи со деца, адолесценти и возрасни преку индивидуална и групна психотерапија. Организира и реализира едукативни работилници, обуки и предавања од областа на менталното здравје, психотрауматологијата, личниот развој и психосоцијалната поддршка.

Посветена е на континуиран професионален развој преку учество на домашни и меѓународни обуки, конференции, конгреси и едукативни програми од областа на психологијата, психотерапијата, психотрауматологијата и социјалната заштита.